Тања МИЛОШЕВСКА **УДК: 327.36 : 298.9(100)**

# ВЕРСКИТЕ СЕКТИ КАКО ФАКТОР НА ГЛОБАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ


**Кратка содржина**

*Деструктивното дејствување на верските секти е тема и проблем што во последно време, го преокупира интересирањето не само на стручната туку и на научната јавност. Многубројни се барањата за заштита на општеството од деструктивното дејствување на одделни секти, култови и движења.*

*Комбинацијата на тероризмот и сектите, масовните убиства, многубројните кривични процеси и слични настани кои го потресоа целиот свет во последните десет години, ги поттикнаа меѓународните и државните институции да се позанимаваат со проблемот на деструктивноста на одделни секти, култови и движења, како безбедносен проблем со кој светот во иднина ќе се соочува.*

*Верските секти како глобална закана со својата распространетост и сериозност во определени ситуации може да го манифестираат своето разорно дејство и врз националната безбедност на државите во современата меѓународна заедница.*


***Клучни зборови:*** *ГЛОБАЛНИ ЗАКАНИ, ГЛОБАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, ВЕРСКИ СЕКТИ И ТЕРОРИЗАМ.*

## Вовед

Верските секти, поради нивната сè поголема бројност и начинот на функционирање, претставуваат своевиден феномен на XX век со тенденција нивната „ѕвезда“ да не згасне и во новиот век. Изминатиот век ќе биде запаметен по големите човечки загуби, но и по енормно големите загби на верата, на моралот и на другите духовни вредности на човековиот вид. (Brzezinski, 1994: 58).

Самите верски секти не би претставувале никаква сериозна опасност и закана по националната безбедност на конкретните држави, а посебно не би претставувале никаква закана за глобал-

ната безбедност, доколку нивните активности се исклучителна верски и човекољубиви. Меѓутоа, најновите социолошки истражувања, а посебно полициската пракса говори дека во заднината на голем број секти, во суштина, се крие немилосрдно искористување на луѓето – нивните приврзаници, промискуитет, криминал од сите видови (убиства, самоубиства, недозволена трговија со дрога и со оружје за масовно уништување), домашен и меѓународен тероризам (можност за супертероризам) и желба за рушење на постојниот општествено-политички систем.(М. Котовчевски (Котовчевски, 2000: 135).

## Поимот за верски секти

Верските секти, како глобална закана, со својата распространетост и сериозност во определени ситуации може да го манифестираат своето разорно дејство и врз националната безбедност на државите во современата меѓународна заедница.

Спрема податоците на Би-Би-Си (BBS), денес, во светот, дејствуваат околу 10.000 различни верски секти. Поради тоа се наметнува елементарно прашање – што е тоа воопшто „секта"?

Зборот „секта" е употребуван низ вековите на христијанската историја со цел да се означат некои учења како еретички. Таканаречените еретици примарно биле членови на црквата и, во почетокот, сектата е поврзувана со црквата и со ортодоксната доктрина која ја претставувала црквата.

Дефиницијата за сектите како што беше оригинално формулирана од општествените науки во XX век го следеше начинот на дихотомија меѓу „црква" и „секта". (Wijnkoop, 1996)

Подолго време се верувало дека потеклото на изразот „секта" е од италијанскиот збор секаре (secare) – што означува сечење, одвојување, разделување, па оттаму и мислењето дека верските секти придонесуваат за разделување т.е отцепување на верниците од официјална верска заедница. Но, иако оваа дефиниција за „секти" е најраспространета, таа, очигледно, не може да се однесува на оние луѓе кои пред стапувањето во редовите на сектата биле атеисти, што е чест случај во поранешните комунистички земји во Источна Европа. Оваа дефиниција е неприфатлива и во мултикултуралните заедници, во кои рамноправноста на вера-

та е загарантирана а црквите по својот статус, се изедначени со сектите. (Đurđević-Stojković, 2002: 14)

Меѓутоа, ако зборот одвојување се користи во поширок контекст од верскиот, а одвоеноста на членовите на сектата од останатите членови на општеството е една од најбитните карактеристики на сектите, тогаш може да се прифати ова мислење и сектата да се одреди како мала општествена заедница чии членови, по карактеристиките и ставовите кои ги застапуваат, се одвојуваат од останатите членови на општеството. Ова мислење има основа затоа што зборот секта не се користи само во верски контекст. Така, на пример, под секта често се подразбира и струја во политичка партија или некоја заедница која не се согласува со мислењето и со идеологијата на мнозинството (Мала енциклопедија – том 2, 1959: 520), а придавката секташки, во смисла на одвојување во некоја поширока заедница или затвореност и отуѓеност од широките маси. (Вујаклија, 1992: 804)

Сепак, кога станува збор за верски секти, прифатливо е мислењето кое коренот на зборот секта го пронаоѓа во латинскиот глагол sequi што, во превод, значи следење. (Bartz, 1984)

Под поимот верска секта се подразбира заедница на верски истомисленици, чии догми, цели на дејствување и пракса се во колизија со владејачките теолошки, етички и идеолошки ставови и постојната организација во општеството. (Đurđević-Stojković, 2002: 16)

## Поимот за верски секти од аспект на безбедносните науки

Иако официјалната црква и научниците кои се занимавале со проблематиката на сектите постојано укажувале на нивната опасност, општеството не се чуствувало загрозено. Проблемот за сектите се разгледувал како проблем на поединецот и на неговото семејство. Имало сознанија дека оделни секти дејствуваат деструктивно, дека ги искористуваат своите верници, дека извршуваат одредени криминални активности, но тоа не било разгледувано како сериозен безбедносен проблем.

Ставот на општеството спрема ова прашање се промени по неколку трагични настани кои се случија во последните дваесет години (масовното самоубиство на 940 припадници на сектата Храм

на народите во Гвајана; самоубиството на 85 припадници на сектата Лоза на давидијанците во Тексас; терористичките акции на припадниците на сектата Аум Шинрикјо во токиското метро; самоубиството на припадниците на сектата Сончевиот храм во Швајцарија – 69 мртви – и сектата на Култот на небесните врати во Сан Диего – 39 мртви).

Овие настани го поттикнаа основањето на парламентарните комисии во многу земји. Извештаите на комисиите во кои, покрај истакнати научници (социолози, психолози, психијатри и правници), се наоѓаат и научници од областа на безбедноста, можат да се сметаат како први дела во кои безбедносно се обработува оваа тематика. Во тие извештаи за прв пат се допира до дефинициите за деструктивни секти. Овие дефиниции, како основа, ги користат социолошките одредувања, приспособува ги на потребите на безбедносните науки и на практиката, т.е, деструктивниот аспект на дејствување на одделни секти како на поединецот, семејството, државата, така и на општеството во целина. Како пример на безбедносна дефиниција на поимот за деструктивни секти ја наведувам дефиницијата која во својата работа ја користи Парламентарната комисија на францускиот национален парламент. Во извештајот оваа Комисија ги дефинира сектите како: „Групи кои можат да се препознаат по својата манипулација насочена кон психолошка дестабилизација на своите следбеници, со цел од нив да се добие целосна потчинетост, намалување на критичкиот дух, прекин со општоосвоените принципи (етички, граѓански, општообразовни) и кои со себе ја повлекуваат опасноста по индивидуалната слобода, по здравјето, образованието и демократските институции. Тие групи користат филозофски, религиозни и терапевтски маски за да ја скријат целта за добивање власт, влијание и стекнување на следбеници“. (Београдски дијалог, 1997: 13)

Понекогаш, за потребите за проучување на сектите од безбедносен аспект, се пристапува кон одредување на критериумите кои можат да укажат дали во конкретниот случај станува збор за опасна (деструктивна) секта. Тие критеруми се следниве:

- моќ (каде се наоѓа таа);
- лидер (дали е автократски или ја почитува секоја личност);
- внатрешната структура (до која мера се ограничени слободите, каков е семејниот живот и животот во заедница);
- финансиите (кое е потеклото, како се користат и кој ги контролира);

- животот на верниците (на кој начин се придобиваат нови верници, во која мера тие се вклопени во општеството и заштитени, кое им е професионалното образование);
- флуктуација (дали постои слободно стапување и напуштање на групата). (Vernette, 1997)

Дефинициите кои, врз основа на нивните карактеристики, условно се наречени безбедносни, во принцип се најсоодветни за проучување на деструктивното влијание на сектите од повеќе причини.

Пред сè, тие се целосно ослободени од теолошкиот елемент во дефинирањето на деструктивните секти. Поточно, верата е ставена во втор план, како придружна карактеристика на сектите, со што прашањето се префрлува од теолошки домен во практичен домен, т.е, на прашањето за нивната деструктивност и штетност. На тој начин, може да се игнорира забелешката на која се повикуваат лидерите на многу секти, дека им се скратени верските слободи и права загарантирани со уставот.

Една од основните карактеристики на верските секти е дека тие претставуваат затворена група, отуѓена и негативно ориентирана кон општеството, и чии ставови се во спротивност со општоприфатените верски, културни, морални, образовни и други вредности и норми во општеството.

Еден од начините за слабеењето на духовното единство на еден народ е слабеење на неговата економска и традиционална структура. Сектите имаат негативно влијание за намалување на чувството за национална припадност, за единство на народот и за моќта на државата. (Grujić-Korać, 1998: 27)

Верските секти се непријателски ориентирани кон демократијата. Нивна цел е укинување на државата и на нејзините институции и нивна замена со „божјото царство", формирано според сопствената замисла. Во тој поглед, заслужува внимание мислењето на определени експерти кои наведуваат постоење на паралела помеѓу тоталитарните секти и тоталитарниот режим, каков што беше нацистичкиот. Тоа го потврдува и австрискиот стручњак Фридрих Грос кој наведува дека: „во сектите постои, како во нацизмот, строго изработен принцип на водство, идеологија на која сè ѝ е подредено, тотална контрола на мислите, на чувствата, на однесувањето и на информациите. Се користат разработени перфидни психолошки методи". Целта на голем број секти не се

сведува само на врбување што поголем број наивни и неупатени граѓани. Целта е многу посериозна. Тоа е, најчесто, доаѓањето на власт или контрола на носителите на власта. Сектите не стрмат кон брзо остварување на профит. Тие инвестираат средства, постепено го зголемуваат своето влијание и се подготвуваат за преземање на власта (но не сами). Токму поради тоа, сектите се стремат кон врбување на лидерски кадри, користејќи ги организациските и структурните слабости во младите демократски држави за да го наметнат и да го зацврстат својот систем на вредности. (Đorđević, 1997: 27)

### Карактеристики на верските секти

Постојат неколку општи карактеристики на верските секти според безбедносните дефиниции:

1. *Недостиг на традиција*

   Најголем број од денешните секти не се постари од сто години како што е сектата Аум Шинрикјо која е основана во 1987 година.

2. *Мал број верници*

   Сектите од средна големина имаат стотици илјади верници, а помалите секти неколку илјади верници.

3. *Интернационалност*

   Ниедна секта не може да го поврзе своето постоење за некој народ и затоа голем број секти пропагираат дека се универзални религии на сите раси и нации.

4. *Недоследност*

   Сектите тежнеат кон чести промени како во сферата на организација така и во сферата на доктрината. Се појавуваат под различни имиња, во различни форми и видови.

5. *Однос кон општеството*

   Сектите се помалку или повеќе затворени кон општественото опкружување во кое се наоѓаат и генерално имаат негативен став кон општествената заедница.

6. *Специфична организација, правила на однесување и контрола*

   За сите припадници на сектата важат истите ригорозни правила, најчесто во врска со: исхраната, облеката, однесувањето, спроведувањето на верските обреди, апсолут-

ното почитување на авторитетот, доброволната работа, донации, поклони на сектата и сл. Контролата е ригорозна и постојат казни кои се движат од морална осуда до психичко и физичко малтретирање.

7. *Начин на пристап во верската заедница*

   Многу секти поставуваат посебни услови за лицата кои сакаат да станат нивни членови (да се полнолетни, да се откажат од имотот, од семејството, да дадат одреден прилог, да положат жртва и сл.). Често се дава заклетва за верност и се потпишуваат одредени документи.

8. *Доктрина на сектата*

   Под доктрина на една секта се подразбира збир на теолошки идеи (религиски, филозофски, квазинаучни, квазипсихолошки, квазимедицински), најчесто со догматски карактер. Доктрината на сектата е многу важна затоа што претставува основа за настанувањето на сектата и содржи прокламирани цели што сектата ги проповеда.

Доктрините на деструктивните секти, од безбедносен аспект, можат да се поделат на:

- доктрини чија содржина проповеда деструктивно и криминално однесување;
- доктрини чија содржина потенцијално може да се искористи за повикување на членовите за деструктивно однесување;
- доктрини чија содржина, барем формално, не им противречи на општествените норми.

Деструктивни се оние доктрини кои отворено повикуваат на непочитување на општествените норми, на рушење на денешното општество, на самоубиства, на убиства и сл.

Врз основа на тоа дали содржат политички елементи и идеи (во смисла за промена на светот и на општественото уредување), доктрините на сектите можат да се поделат на:

- доктрини кои содржат политички елементи и
- доктрини кои не содржат политички елементи.

Политичките компоненти и идеи можат да се најдат во многу доктрини на верските деструктивни секти. Содржините на овие политички компоненти се движат од идејата за промена на светскиот систем (обединување на светот, нов светски поредок), промена на општественото уредување во одделни држави и барања

за деполитизација на некои области од општествениот живот. (Stajič, 2004)

Гледано од безбедносен аспект, сектите со овие доктрини се опасни, бидејќи во себе ја кријат можната опасност од загрозување на политичкиот систем на државата, извршување на кривични дела и тероризам.

## Поврзаноста на верските секти и тероризмот

Покрај изворите на загрозување на националната безбедност, на глобален – планетарен план, егзистираат и глобалните закани кои ги загрозуваат глобално, егзистенцијалните и есенцијално виталните функции на меѓународната – глобална заедница. Глобалните закани ја загрозуваат глобалната безбедност, но, исто така, тие индиректно претставуваат сериозна закана и за националната безбедност на современите држави во меѓународната заедница.

Глобалните закани претставуваат збир од факти, околности, последици и појави кои продуцираат значајно влијание на глобалната безбедност, односно ја детерминираат глобалната безбедност.

Глобалните закани продуцираат несигурност во глобални рамки и, според тоа, можеме да ги детерминираме како фактори на глобалната безбедност.

Во глобални закани, односно фактори на глобалната безбедност, можеме да ги утврдиме:

1. меѓународниот – глобалниот организиран криминал;
2. меѓународниот тероризам;
3. ширењетото и контролата на оружјето за масовно уништување;
4. тираните;
5. еко-заканите;
6. верски секти и
7. новите глобални закани. (Котовчевски, 2000: 22)

Поврзаноста помеѓу тероризмот и религијата не е нова, но, во последните декади, оваа форма на тероризам беше во голема мера засенета од страна на етничкиот и на националистичко-сепаратистичкиот или идеолошки мотивираниот тероризам. (Rapoport: 673).

На пример, ниедна од тринаесетте идентификувани групи, активни во 1968 (годината која е означена за појава на модерниот меѓународен тероризам), не може да се класифицира како религиозна. Денес, најмалку дваесет проценти од приближно педесетте терористички групи, активни низ светот, можат да се опишат со постоење доминантна религиозна компонента или со мотивација. (Hoffman, 1993: 1)

Верскиот тероризам претпоставува трансцедентална димензија и неговите извршители се неограничени од политички, морални или практични ограничувања кои се чини влијаат на другите терористи. Верските терористи сметаат дека насилството не е само морално оправдано туку е и неопходно делотворно за постигнување на нивните цели. Затоа, религијата служи како легитимизирана сила, соопштена преку свет текст или соопштена преку свештенички авторитети. (Jenkins, 1985: 4).

Очигледно е дека религиозните верувања можат, на чуден, начин да доведат до мирољубиво однесување, исто така како што можат да придонесат за појава на најужасните акти на насилство. Затоа оние кои сакаат нивната употреба на насилство да биде морално санкционирана, но кои немаат официјално одобрување од владата, полесно им е да се доближат до моралот што им ја овозможува религијата. Со издигнувањето на борбата на космичко ниво тие можат да ги заобиколат вообичаените морални рестрикции за убивањето. (Juergensmeyer, 1993: 167)

За религиозните терористи, насилството е сакраментален чин или божествена должност, извршен како директен одговор на некои теолошки барања или императиви. (Jenkins, 1985: 2)

Религиозните и секуларните терористи имаат сосема различна перцепција за нив самите и за нивните насилнички акти. Секуларните терористи го гледаат насилството како пат за поттикнување корекција на грешките во системот кој во основа е добар или како средство за создавање на нов систем. За разлика од нив, религиозните терористи се гледаат себеси како да не се компоненти на системот кој вреди да се зачува, туку како „аутсајдери" и затоа бараат огромни промени во постојниот поредок. Ова чувство на отуѓеност им овозможува далеку поголеми деструктивни и посмртоносни видови терористички операции. (Taheri, 1987: 7)

Новите терористички групи, со силно изразени верски императиви, сè повеќе ги засенуваат „старите" националистички или

идеолошки побуди кои неповратно стануваат сѐ побледи и помалку јасни.

Исто така, мошне значајна карактеристика на „новата терористичка генерација“ не е само прифаќањето на многу поаморфните религиски цели туку суштински е различна е и нивната кадровска и организациска поставеност. (Котовчевски, 2003: 359)

До пред десет години, заканата од можни терористички акции кои може да ги извршат сектите главно се засноваше на некои хипотетички аргументи, изведени врз основа на карактеристиките на сектите. Во таа смисла, наведено е дека многу секти имаат политички аспирации, станува збор за финансиски многу богати организации на кои не им е проблем да обезбедат средства за масовно уништување (отрови, оружје, експлозивни направи и др), некои од сектите имаат брутални методи на работа (киднапирање, убиства) а меѓу припадниците на сектите секогаш се наоѓаат лица со психопатолошка структура на личноста.

Таквите предупредувања кои ги даваа познавачите на оваа проблематика, не беа разгледувани сериозно. Критиките се однесуваа на големата апстрактност на изнесените факти, на непостоењето на конкретни податоци кои говорат во прилог на таквите теории и дека опасноста од терористички напади од страна на сектите е производ на параноичната фантазија на одделни истражувачи. Тоа било, и е, една од причините што органите на безбедност не обрнуваа внимание на оваа опасност и не преземаа потребни мерки и активности.

Врз основа на анализите на домашните и на странските податоци за криминалното дејствување на сектите и врз основа на согледување на: доктрините, организацијата, методите на работа и целите на деструктивните верски секти, може да се очекува дека верските секти и нивните следбеници ќе се појават како извршители на различни кривични дела. Како извршители на кривичните дела може да бидат лидерите на сектите, лицата кои се на повисоки хиреархиски места во сектата или „обичните“ следбеници. Објект на напад на овие кривични дела може да бидат поединци (следбеници на сектата или други граѓани), како и општеството во целина (општествените вредности) и државата.

Тероризмот кој го спроведуваат сектите не се разликува во однос на тероризмот спроведуван од страна на терористичките организации. Една карактеристика која бара подетално објасну-

вање е политички мотивираната намера. Причина е дека понекогаш е тешко да се открие политичката намера кога станува збор за терористички акции кои ги изведуваат припадниците на верските секти. Таа намера кај сектите секогаш не е отворено изразена, но со анализата на времето и на конкретните околности кои му претходеле на самиот акт, секогаш можат да се извлечат политичките конотации. (Стајич, 2004: 155)

Друга потенцијална опасност од насилство е насилен акт на верска секта која верува дека има некаква мисија за исполнување и чии членови мора да добијат неоходно знаење во областа на техниката за да извршат акт на агресија против вооружените сили, како симбол на омразената држава (настанот со бомбардирањето во Оклахома Сити. (Patterns of Global Terrorism, 1997)

Мора да се забележи дека во САД има повеќе верски секти склони кон насилни активности отколку во Европа. Голем број радикални религиозни групи создадоа чудни теолошки погледи мешајќи разновидни религиозни идеи и теории кои повикуваат на воени активности, (Kaplan, 1997). Најочигледен пример за групи со такви опасни потенцијали се претставени од некои расисти како Идентитетот на црквите. Иако има мал број поддржувачи на овие теории во САД, сепак се работи за главно американски феномен, барем според неговите насилнички акти. Се разбира, таквите групи треба да бидат набљудувани од законодавните служби. Честопати тие групи јавно ги прокламираат своите цели а понекогаш некој од нивните членови извршува криминални дела. (Presley, 1996)

Но, тоа е јасно определена средина. Поопасни се заканите кои доаѓаат од неочекуван агол, од мали групи кои никогаш претходно не биле забележани како потенцијална опасност. Има малку такви случаи досега: Аум Шинрикјо беше осомничен за насилство. Веројатно, било каква тенденција за насилство или интерес за огнено оружје од лидер на таква група треба да се смета за предупредувачки сигнал. Од друга страна, мора да се признае дека е тешко правилно да се интерпретираат можните последици на религиозно претерано однесување: дури и предвидувањата за непосредна катастрофа не треба секогаш буквално да се сфаќаат. Има перманентен ризик дека некои групи, можеби целосно непознати ќе преминат на насилна активност со цел да ги остварат целите. Во некои случаи, тоа може да се случи, а во други не. (Mayer, 1999: 6)

За жал, времето покажа дека не е во прашање само апстракција.

Случајот на Аум Шинрикјо е најдобар (или најлош) пример на група во која беа вклучени сериозни криминални и субверзивни активности, (Reader, 1996). Шоко Асахара сакаше да владее со Јапонија и веќе го организираше водството на групата на министри, а Аум Шинрикјо имаше интенција да ја води владата на Јапонија. Нападот со гас во подземјето на Токио, на 20 март 1995 година, е доволно познат, но мора да се спомене дека тоа не беше првиот обид на луѓето на Аум Шинрикјо да користат биолошко или хемиско оружје (на пример, обидот да го рашират антраксот по улиците на Токио, во 1993), за среќа не беше успешен, а нападот во март 1995 година можеше да биде со поголема уништувачка моќ (имаше мал број жртви што се должи на брзата идентификација на отровот како нервен гас, како и фактот дека нервниот гас сарин не се наоѓаше во најчиста форма во моментот на дисперзија). (SIPRI, Yearbook, 1996: 701)

Психолошкиот праг за користење на најсмртоносното оружје во светот беше надминат со неговата промоција во Токио. Овој терористички инцидент јасно покажа дека е можно да се изведе успешен терористички напад со хемиско оружје, но уште позначаен беше испратениот сигнал, новиот поттик за надминување на овој инцидент со примена на нови, уште поразорни и посмртоносни хемиски, биолошки и нуклеарни потенцијали. Тоа значеше почеток на новиот бран на уште поопасни супертерористички инциденти кои, покрај поголемите деструктивни ефекти, ќе предизвикаат поголем интерес кај медиумите и кај целокупната светска јавност. (Котовчевски, 2003: 362)

Светот и неговата безбедност нема повеќе да бидат она што беа по нападот извршен утрото на 20 март 1995 година. Иако овој терористички акт не претставува класичен супертерористички чин, тој е само еден праг до него – претставува категорија на хемиско-биолошки терористички акт од помали размери. Тоа претставува силен аларм дека нивните терористички можности и потенцијали сè повеќе се доближуваат до „црвената линија“ – критичната маса за извршување на најпасниот супертерористички акт со катастрофални последици.

Аум Шинрикјо и некои други терористички верски секти во иднина, ќе претставуваат извори на супертероризамот во глобални рамки. (Котовчевски, 2000: 137)

Инцидентот во Токио и бомбардирањето во Оклахома Сити јасно демонстрираат спротивно на познатото верување, дека тероризмот мотивиран од религиозен императив не е феномен ограничен само за исламистичките групи од Средниот Исток, туку е повеќе карактеристика на појавените радикални секти и религиозни движења насекаде во светот.

## Борба против деструктивното дејствување на верските секти

Деструктивното дејствување на верските секти е тема и проблем што, во последно време, го преокупира интересирањето не само на стручната туку и на научната јавност. Многубројни се барањата за заштита на општеството од деструктивното дејствување на одделни секти, култови и правци.

Во светот се основаат парламентарни комисии со цел да ги проучат механизмите на дејствување на сектите и да пронајдат најефикасни начини за спротивставување на нивното деструктивно дејствување. Оваа тема не го заобиколи ни Европскиот парламент. Некои европски земји (Германија, Швајцарија, Италија, Франција) преземаат обемни мерки, донесуваат закони и други правни акти со кои се регулира начинот на регистрација, на организација, методите на работа и финансирањето на верските секти а во некои случаи и се забранува работата на деструктивните секти.

Врз основа на изработените извештаи, Европскиот парламент, во 1996 година, донесе одлука за спроведување на одредени мерки на наднационален план во која се содржани инструкциите за земјите членки на Европската унија поврзани со деструктивните секти и култови. Во таа одлука, Европскиот парламент: „ги повикува земјите членки да се погрижат судството и полициските власти ефикасно да ги користат правните акти и средствата кои постојат на национално ниво, како и активно да соработуваат, посебно во рамки на ЕУРОПОЛ, заради спротиставување на кршењето на основните права за кои се одговорни сектите“. Исто така, „земјите-членки се повикуваат да ја подобрат меѓусебната размена на информации заради обединување на податоците за феноменот на сектите, за нивната организација, за методите на работа а, воедно, да се пронајдат и најдобрите методи

за ограничување на непожелното дејствување на верските секти, како и за изработување стратегии за информирање на населението за нив". (Berliner Dialog, 1996: 3)

Како основа за ефикасно организирање на општеството и на државните институции за спроведување на мерките за ограничување и за спречување на деструктивното дејствување на сектите, се преземаат низа одредени активности кои се состојат од:

- детално изучување на оваа појава од различни аспекти (историски, социолошки, психолошки, општествено-политички, економски, безбедносни);
- анализирање на сите активности на сектите и издвојување на карактеристиките на тие активности повреме, место, опкружување и нивни носители;
- изработка на прогноза и предвидување на идните начини и правци на дејствување во однос на воено-политичките, на безбедносните услови и на меѓународните односи;
- составување стратешка програма и план, на централно ниво, кои би ги опфатиле активностите и мерките на одредени субјекти, нивната соработка и координација (судство, полиција, војска, средства за информирање) за превенција и за репресија на деструктивните секти. (Стајиќ, 2004: 157).

Традиционалните пристапи и политики за борба против тероризмот можат да не бидат релевантни, малку ефективни на заканите поставени од страна на религиозните терористи. Политичките отстапки, финансиската корист, амнестиите и други лични побуди веројатно ќе бидат неделотворни. Длабокото чувство на алиенација и изолација на овие верски секти и религиозни движења има потреба активно да се пренасочи. Мостот треба да се пронајде помеѓу матичното општество и ектремистите за тие да не се чуствуваат загрозени или пак да учествуваат во превентивни акти на насилство насочени против општеството кое тие го сметаат за „грабливо". Од друга страна, јасно е дека се соочуваме со закана која има нови и длабоки смртоносни димензии. Со завршувањето на Студената војна, светските разузнавачки служби бараа мисија; со нападот во Токио и со неговите импликации, тие ги пронајдоа: контратероризмот и контрапролиферацијата. Нивниот императив е ако се бориме соодветно против овие закани тогаш нашата одбрана и безбедносните мерки се динамични:

способни да одговорат ефикасно под најтешките околности, земајќи ги предвид сите можности, за да се избегнат изненадувањата и да се биде подготвен за сите непредвидени ситуации. Тоа е неизбежна разузнавачка задача која треба да претставува приоритет. (Hoffman, 1993: 12)

## Заклучок

Во минатото, голем број од анализите за веројатноста за појава на хемиски, биолошки или нуклеарен тероризам имаа тенденција да се примаат со резерва, и тоа од повеќе причини. Во дискусиите кои биле водени се потенцирало дека мал број терористи знаат за техничката комплицираност за развивање или за дисперзија на таквите оружја, за внатрешната динамика и за процесот на донесување одлуки, за ненадејната ескалација во тактиките и за нивото на насилство. Политичките, моралните и практичните мислења беа, исто така, забележани како значајни ограничувања за употреба на оружјето за масовно уништување од страна на терористите.

Освен тоа, денес, кога старите империи и држави се распаднаа а се градат нови и кога новите афирмации на религиозен и на етнички идентитет се создадени со бескомпромисна суровост, поседувањето на нуклеарна бомба или развојот на хемиски или за биолошки воени капацитети можат да станат неверојатно атрактивни за новите нации кои бараат претставување на нивната сувереност или нации кои бараат да ја одржат својата независност. Во двата примера, терористите можат да најдат нови улоги за своите вештини и експертиза. Терористите можат да бидат употребени од некои земји за да украдат нуклеарно оружје или стратегиски материјал од друга земја или да бидат платени за изведба на прикриен нуклеарен, хемиски или биолошки напад за да ја скријат инволвираноста или соучесништвото на нивната држава патрон. (Jenkins,1985:6)

Оттука произлегува прашањето колку треба да бидеме загрижени за потенцијалните проблеми кои ни ги поставуваат неколку верски секти (сепак треба да се нагласи дека повеќето секти, култот или алтернативните религии се миролубиви групи од верници и лојални граѓани). По завршувањето на Студената

војна, се појави чувство на олеснување, но, истовремено, и неизвесност за тоа каде може да бидезаканата? Како и да е, ако нема закана, зошто тогаш има потреба од вооружени сили? Продолжувањето на конфликтите или потенцијалот за нови конфликти во неколку области во светот (дури и во Европа) е доволен доказ дека вооружените сили сè уште се неопходни и дека мора да добијат нова стратегија и технологија. Сепак, во последните 10 години, се појави загриженост за нови предизвици за нашата безбедност. Да ги проследиме воведните зборови на написот на еден автор, објавен во 1997 година, во деловите на студиите за безбедност: „достапната литература за општопознатите нови религиозни движења се обидувала да ги објасни како социолошки, психолошки или теолошки феномени, а не како потенцијално субверзивни, дури и насилни антисоцијални групи какви што се докажале некои од нив. Затоа, на спроведувачите на законот, владините лица и на јавноста им е тешко доследно да ја проценат оваа нова закана“. (Hubback, 1997: 1)

Неопходно е, во овој контекст, уште еднаш да потенцираме дека верските терористи и припадниците на определени верски движења, секти, од средината на 80-тите години, дојдоа најблиску до „црвената линија“ од која можеше да го преминат прагот за користење на оружјето за масовно уништување. Тоа беа тие категории на терористички групи кои ги прекршија „старите правила“ на традиционални терористички групи и презентираа определени потези и тактички способности за изведување деструктивни напади со далекосежни последици.

(Рецензент: *проф. д-р Митко Котовчевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Београдски дијалог, (1997), „Француски парламент о сектама". Београд: Просвета.

Вујаклија, М., (1992), „Лексикон страних речи и израза", Београд: Просвета.

Котовчевски, М., (2000), „Национална безбедност на Република Македонија – трет дел", Скопје: Македонска цивилизација.

Котовчевски, М., (2003), „Современ тероризам", Скопје: Македонска цивилизација.

Мала енциклопедија, (1959), Београд: Просвета.

Стајић, Љ., (2004), „Основи безбедности", Београд: Полицијска Академија.

Đorđević, M., (1997), „Edukacija-uslov za uspesno predupređivanje delovanja verskih sekti", Beogradski dijalog.

Bartz, V., (1984), „Sekte danas", Zagreb: Kriscanska sadasnjost.

Berliner Dialog., (1996).

Brzezinski, Z., (1994), „Izvan kontrole", Zagreb.

Đurđević-Stojković, B., (2002), „Verske sekte", Narodna knjiga Alfa.

Grujić-Korać, T., (1998), „Sociološko-pravni pristup razvitku sektaške svesti", Beogradski dijalog.

Hoffman, B., (1993), „The implications of terrorism motivated by a religious imperative", Va: RAND.

Hubback, A., (1997), „Apocalypse When: The Global Threat of Religious Cults", Conflict Studies, no 300.

Jenkins, B, M., (1985), „The Likelihood of Nuclear Terrorism", Santa Monica: RAND.

Jugensmeyer, M., (1996), „Religious Nationalism: A Global Threat", Current History.

Kaplan, J., (1997), „Radical Religion in America", New York: Syracuse University Press.

Mayer, F., (1999), „Sects and New Religious Movements: Questions and Challenges for Armed Forces and National Security", Vienna: Department of Study of Religions of the University of Fribourg.

Patterns of Global Terrorism. (1997), Office of the Coordinator for Counter terrorism of the U.S. State Department.

Presley, S, M., (1996), „Rise of Domestic Terrorism and its relation to the United States Armed Forces“.

Rapoport. „Fear and Trembling: Terrorism in Three Religious Traditions“.

Reader, I., (1996), „A Poisonous Cocktail; Aum Shinrikyo's Path to Violence“, Copenhagen: Nordian Institute of Asian Studies.

SIPRI Yearbook. (1996), „Armaments, Disarmament and International Security“, Oxford: Oxford University Press.

Taheri, A., (1987), „Holy Terror: The Inside Story of Islamic Terrorism“, London: Sphere Books.

Vernette, J., (1997), „Sekte“, Zemun: Plato.

Wijnkoop, M., (1996), „Die Sekte, die Anderen“, Luzern: Edition Exodus.

Tanja MILOŠEVSKA

## RELIGIOUS SECTS AS A FACTOR OF GLOBAL SECURITY

### Summary

*Destructive activity on religious sects, recently become subject and problem that occupied experts interest as same as scientific. They are various demands for society protection from destructive activity on distinct sects, cults and movements.*

*The combination of the sects and the terrorism, mass murder, a great number of criminal process and other events, "shook" a whole world in the past ten years. All this, instigate international and state institutions to work on problem on destructive sects, cults and movements as a future security problem that the world in the future is going to face.*

*Religious sects as a global threat with them own dispersion and seriousness in distinct situations may manifest them destructive implications on the states national security in contemporary international community.*

***Keywords:*** *GLOBAL THREATS, GLOBAL SECURITY, RELIGIOUS SECTS, AND TERRORISM.*